РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-156/1
25.01. 2024 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 и Службен весник на РСМ бр.151/2021), Советот на Општина Пехчево на 24-тата седница одржана на 25.01.2024 година донесе

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2024 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2024 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 273.948 | 0 |
| | | **0** | **0** | **273.948** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 10.000 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 263.948 | 0 |
| | | **0** | **0** | **273.948** | **0** |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2024 година.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-156/2
25. 01. 2024 год
ПЕХЧЕВО

**О П Ш Т И Н А   П Е Х Ч Е В О**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ на Проширувањето на средствата на БУЏЕТОТ на општина ПЕХЧЕВО за 2024 година**

Врз основа на член 34 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016 и "Службен весник на РСМ" бр.151/2021 и 173/2022), а во согласност со член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 30 од Статутот на Општина Пехчево ("Службен гласник на Општина Пехчево бр. 3/2021), Ви го доставуваме Проширувањето на Буџетот на Општина Пехчево за 2024 година.

Проширувањето на Буџетот на Општина Пехчево за 2024 година е предложено поради потребата од зголемување на Буџетот со дополнително обезбедените средства од склучен договор за гранд на сметката на донации на општина Пехчево во програмата за основно обрзование за 2024 година.

Општинско основно училиште Ванчо Китанов Пехчево со потпишувањето на Договорот за гранд за Проект со еден корисник според Програмата ЕРАЗМУС + број на договор 2022-1-МК01-КА122-SCH-000073514 заведен со архивски бр.03-91/13 од 18.04.2023 година помеѓу Национална агенција за европски образовени програми и мобилност и ООУ.„Ванчо Китанов" - Пехчево и известувањето за затворање на проеткот бр.03-91/19 од 21.12.2023 година, Општина Пехчево, односно Општинското основно училиште Ванчо Китанов Пехчево има потреба од проширување на финансискиот план во делот на приходите и расходите на сметката на донации.

Од тие причини во Буџетот на донации се прави зголемување на приходите (на конто 742119 – др општи и тековни приходи) и расходите (на конто 425920-услуги за копирање , печатење и издавање и 464990-др.трансфери) во програмата Н1- Основно образование, во вкупна вредност од 273.948 денари.

Анализата на приходите и расходите во буџетот на Општината и планираните реални приходи и расходи за тековната година се земени како основа во проектирањето на Проширувањето на Буџетот на Општина Пехчево за 25.01.2024 година.

Соодветно на тоа, Градоначалникот на општина Пехчево достави предлог - Одлука за Проширување на Буџетот на општината за 2024 година до Советот на општина Пехчево за разгледување и усвојување на 24-тата седница, која е одржана на ден 25.01.2024 година.

25.01.2024 година
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански
-------------------------

Изработил : Анетка Цветковска